Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 02.02.2021

На 01.02.2021 во 23.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на локалниот пат Ржаничино-Катланово го лишиле од слобода Д.К.(30) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2021 во 15.45 часот во Струга, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода К.Н.(28) од Струга,затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2021 полициски службеници од СВР Скопје ги приведоа Б.В.(29) и С.Ј.(30), двајцата од Прилеп, по пријава дека околу 13.30 часот извршиле тешка кражба во стан на ул.„Никола Парапунов". Веднаш по добивената пријава, преземени се мерки и активности и кradците се приведени, а по документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.02.2021 во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Е.А. (36) од Скопје, затоа што околу 20.20 часот извршил разбојништво во аптека на бул.„Видое Смилевски Бато", при што со закана од вработената одзел сеф со пари.

Е.А. бил приведен во полициска станица заедно со одземените предмети и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2021 околу 18.30 часот во СВР Тетово, вработен во Казнено-поправната установа „Затвор Тетово" пријавил дека во кругот на установата било пронајдено ќесе со марихуана. Ќесето било подигнато за вештачење и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 02.02.2021 околу 02.45 часот на ул„Бранислав Нуши́ќ" во Скопје, полициски службеници од ЕВР Карпош - СВР Скопје го лишиле од слобода В.Г.(29) од Скопје, затоа што се барал со потерница за издржување казна затвор од три години. В.Г. бил спроведен во КПУ „Затвор – Идризово", за издржување на казната.

На 01.02.2021 во 13.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.Б.(54) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" била каснат од куче скитник.

На 01.02.2021 на подрачјето на Тетово, при сообраќајни контроли, биле откриени и санкционирани 39 различни видови прекршоци. Најголемиот број од прекршоците (23) се однесувале на непрописно паркирање, а 7 на неприлагодена брзина според условите на патот. Покрај ова, биле санкционирани и две лица кои управувале возило без положен возачки испит, како и други прекршоци, а времено било одземено и едно патничко моторно возило, поради истечена регистрација повеќе од 6 месеци.

На 01.02.2021 во 09.20 часот на крстосница на магистрален и локален пат, во близина на струшкото с.Мислешево, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „хјундаи", со струшки регистарски ознаки, управувано од А.Н.(59) од Струга и товарно возило „форд", со струшки регистарски ознаки, управувано од М.С.(62) од струшкото с.Драслајца. Во незгодата, возачот А.Н. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Струга. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 01.02.2021 во 14.40 часот во Полициската станица Гази Баба, С.П.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„Боро Тодоровиќ" бил каснат од куче скитник.

На 01.02.2021 во 23.15 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода И.Т.(21) од Куманово, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.02.2021 во 00.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во мотел на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Џ.К.(19) и Ш.М.(27), двете од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 01.02.2021 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Н.(31) и С.А.(38), двајцата од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 01.02.2021 во 19.10 часот во СВР Скопје, Е.Р.(40) од Скопје пријавил дека во казино на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од О.И.(48) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 01.02.2021 околу 20.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека В.Д.(40) од Скопје во домот со остар предмет ја нападнал неговата 65-годишна мајка, нанесувајќи ѝ убодна рана. По целосно документирање ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(31) од с.Добридол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 24.10.2020 во с.Добридол, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „лада нива", управувано од Ј.Ј., при што пронашле и одземе ловечка пушка и куршуми со калибар од 12 мм, за кои не поседувал дозвола.

На 01.02.2021 во Полициската станица Бит Пазар, С.С.(39) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил Ш.У.(42) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Н.Н.(33) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 16.07.2020, пријавениот се договорил со такси возач од кичевско за одредена сума да го однесе до Гостивар и да го врати назад. Во Гостивар пријавениот му го побарал мобилниот телефон да направи телефонски повици, се оддалечил од местото и не се вратил. Откако оштетениот сфатил дека бил измамен, пријавил во Полициската станица Гостивар.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Л.М.(34) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изнуда" и против И.К.(48) и Р.Ф.(28), двајцата од од с.Лакавица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање" во врска со кривично дело ,,изнуда". На 29.12.2020 во Гостивар, пријавените го сретнале М.К. од с.Добридол, гостиварско при што Л.М. со закана му ја одзел патната исправа на М.К., како гаранција дека ќе му го врати наводниот долг од 30.000 евра, од периодот кога имале заедничка фирма. И.К. и Р.Ф. биле присутни, но не реагирале и не пријавиле и покрај тоа што знаеле дека се врши кривично дело.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.С.(40) и Н.П.(62), двајцата од Кичево, поради постоење основи на сомнени за сторено кривично дело „измама при добивање кредит или друга погодност". На 18.12.2014, Б.С. со намера да ја искористи пословноста за увоз и прва регистрација на возило кое не ги исполнувало законски предвидените стандарди, која ја имаат државјаните на Р.С. Македонија кои се враќаат од постојана или привремена работа во странство, до ОУР Кичево доставил барање за добивање уверение за живеалиште со прилог изјава, во која внел невистинити податоци. Таквото уверение го приложил во Бирото за метрологија - Скопје при постапка за идентификација на патничко возило „тојота", а потоа склучил договор за купопродажба со кој возилото му го продал на Н.П. и, по добиена согласност за регистрација, Н.П. до ОУР Кичево доставил барање за регистрација, каде била извршена првата регистрација.

На 02.02.2021 во 00.45 часот во СВР Скопје, Ф.В.(34) од Скопје пријавил дека настанал пожар во неговото патничко возило „волво" на ул.„Алија Авдовиќ". Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Р.Ј.(50) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување на исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина", против М.М.(43) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување" и „употреба на исправа со невистинита содржина" и против А.М.(24) од с.Зајас, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". Р.Ј., вработен шпедитер, со цел да се изврши идентификација и регистрација на половно патничко возило „фолксваген голф", увезено од странство, изработил договор за продажба на возилото и во сообраќајна дозвола внел невистинити податоци, а обезбедил и потврда за повратник издадена од ОУР Кичево на име Ќ.С.. Подготвената документација ја употребил пред Биро за метрологија-Скопје и техничка служба во Охрид, од каде била добиена согласност за регистрација за возилото и тоа било регистрирано во ОУР Кичево на име А.М.. М.М., во својство на управител на техничка служба, во спроведената постапка по барање за издавање согласност за регистрација за возилото сопственост на Ќ.С., без негово знаење и согласност, а врз основа на приложената документација, без да биде заверена кај надлежен странски орган и без приложен доказ за платени царински давачки, изготвил и своерачно потпишал записник за инспекција на возило и согласност за регистрација. А.М., подготвената документација, иако знаел дека во неа има исправи со невистинита содржина, ја употребил за регистрација на возилото.

На 01.02.2021 во Полициската станица Гази Баба, К.Б.(66) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот брат М.Б.(60) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет